Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дваесеттатаседница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 18 јануари 2023 година**

**Скопје, јануари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јануари 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски им-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа им-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ид-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

Од седницата отсуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата,д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа,д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура,Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Информација за добивање на согласност за ангажирање на вработени, согласно член 20 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, содополнување и табеларнипрегледи.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

1. Владата го именува Јовица Стојановиќ за вршител на должноста директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Управата за извршување на санкциите.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност за ангажирање на вработени, согласно член 20 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година,со дополнување и табеларни прегледи и ја усвои Информацијата, со следниот заклучок:

- Владата одобрува ангажирање на 578 (петстоседумдесет и осум) работници, за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година со склучување договори за отстапување на работници за привремени вработувања, за вршење на привремени работи, поради вршење на основната дејност во Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16.15 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**